**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 19.06.2026 |
| Архивски број: | 34 – 18 / 4 |
| До: | **Министерство за здравство** |
| Предмет: | Барање повратна информација и разгледување на дневен ред на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество на Предлог-законот за здравствена заштита, Предлог-законот за заразни болести и Предлог-законот за евиденција од областа на здравството |

Почитувани,

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на 12.седница одржана на 16.06.2026 година, се информираше за писмените мислења во процесот на консултации на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) по Предлог-законот за здравствена заштита, Предлог-законот за заразни болести и Предлог-законот за евиденција од областа на здравството, испратени од Платформата на граѓански организации што спроведуваат услуги за превенција на ХИВ, Националната мрежа против насилство за жени и семејно насилство, здружение Заедно посилни и здружение ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество со овој допис бара од Министерството за здравство информација во однос на:

- Статусот на предлог дополнувањата/измените кои се поднесени од граѓанските организации
- Доставување на предлог-законите по консултацијата на ЕНЕР на мислење до Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, пред нивното доставување до Владата на Република Северна Македонија за разгледување и утврдување.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

ПРИЛОГ:

- Мислење по Предлог-Законот за здравствена заштита
- Мислење по Предлог-Законот за заштита на населението до заразни болести
- Мислење по Предлог-Законот за евиденција од областа на здравството